Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Бутел, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 01.08.2018година се објавува:

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект " Обезбедување на лични асистенти" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 9 (девет) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 9.000,00 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- долгорочно невработени лица
- млади лица до 29 години
- лица постари од 50 години
- лица корисници на социјална помош или на паричен надоместок по основ на невработеност
- лица кои биле корисници на Програмата условен паричен надоместок за средно образование
- лица кои имале статус на деца без родители и родителска грижа
- жени припадници на помалите етнички заедници

- самохрани родители
- родители на деца со пречки во развој
- родители на 3 и повеќе деца

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :
- образовни асистенти
- лични асистенти

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје, во периодот од 01.08.2018 година до 14.08.2018 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Бутел и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Бутел кај лицето Ивана Рајчинова, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје кај лицето Флорие Лачи, Центар за социјлна работа Скопје кај лицето Габриела Кркачева.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ

ОПШТИНА БУТЕЛ